EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

# ПРЕДМЕТ ГЕРОВСКА-ПОПЧЕВСКА против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (бр. 2)

*(Апликација бр. 30989/20)*

ПРЕСУДА

Член 6 § 1 (граѓански аспект) • Трибунал востановен врз основа на закон.• Член 6 применлив на постапка во која Судскиот совет („СС“) утврдил нестручно и несовесно вршење на судиската од страна на пензиониран судија при вршењето на нејзината судиска функција • Спорната постапка непосредно се однесувала на нејзиното граѓанско право на уживање на добар углед • СС, иако претставувал „трибунал“, не бил „востановен врз основа на закон“ • Членови на Комисијата на Судскиот совет, која поднела извештај до Судскиот совет во врска со предметот на апликантката, подоцна гласале за конечната одлука на Судскиот совет во предметот, спротивно на релевантните процесни правила.
Член 6 § 1 (граѓански аспект) • Пристап до суд • Неможност на апликантката да поднесе жалба против одлуката на Судскиот совет („СС“) по враќањето на нејзиниот предмет на повторно одлучување од страна на второстепен Совет за одлучување по жалби • Неможноста на Советот за одлучување по жалби да утврди дали Судскиот совет постапил согласно неговите претходни насоки во повторената постапка го лишила правото на апликантката на пристап до Советот за одлучување по жалби од каква било суштина, дури и во постапката пред повторената постапка • Била повредена самата суштина на правото на пристап до суд • Повторно била нагласена важноста на процесните гаранции во постапки што се однесуваат на вршењето на судиската функција.

Подготвено од страна на Секретаријатот. Не го обврзува Судот

СТРАЗБУР

5 мај 2026 година

*Оваа пресуда ќе стане правосилна во околностите наведени во член 44 став 2 од Конвенцијата. Може да биде предмет на редакциска ревизија.*

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

**Во предметот Геровска-Попчевска против Северна Македонија (бр. 2),**

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел), заседавајќи во Совет составен од:

Арнфин Бардсен, [Arnfinn Bårdsen], *претседател,*
Саадет Јуксел, [Saadet Yüksel]
Питер Пацолеј, [Péter Paczolay,]
Одни Мјол Арнардотир, [Oddný Mjöll Arnardóttir ]
Гедиминас Сагатис, [Gediminas Sagatys]
Стефан Писани, [Stéphane Pisani]
Хју Мерсер [Hugh Mercer], *судии*

и Андреа Тамиети [Andrea Tamietti], *секретар на одделот,*

Имајќи ги предвид:

апликацијата (бр. 30989/20) против Република Северна Македонија поднесена до Судот согласно член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи („Конвенцијата“) од страна на, г-ѓа Снежана геровска-Попчевска („апликантката“), со македонско држајнаство/граѓанин на Република Северна Македонија на 13 јули 2020 година;

одлуката да се достави известување до Владата на Северна Македонија („Владата“) за жалбените наводи согласно член 6 од Конвенцијата во врска со составот на Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст „Судски совет“ или „СС“) со кои се утврдило нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на апликантката наводниот недостаток на надлежност на СС да донесе одлука за нестручно и несовесно вршење на судиската функција во однос на пензионирани судии и отфрлање на жалбата поднесена од апликантката против одлуката на СС по повторената постапка, како и да се прогласи остатокот од апликацијата за недопуштен;

изземањето на судијата Јован Илиевски, судијата избран во однос на Северна Македонија, од учество во предметот (член 28 став 3 од Деловникот на Судот) и одлуката на претседателот на Советот да го назначи судијата Одни Мјел Арнардотир [Oddný Mjöll Arnardóttir] да заседава како *ad hoc* судија (член 26 став 4 од Конвенцијата и правило 29 од Деловникот на Судот);

опсервациите на страните;

Разгледувајќи го предметот на седница на 24 март 2026 година,

Ја донесе следната пресуда, која беше донесена на тој датум:

# ВОВЕД

1. Предметот се однесува на правичноста на постапката во која Судски совет („СС“) утврдил дека апликантката, пензионирана судијка,

нестручно и несовесно ја вршела судиската функција. Особено, предметот се однесува на жалбените наводи на апликантката согласно член 6 став 1 од Конвенцијата дека одредени членови на СС гласале за конечната одлука на СС во нејзиниот предмет, спротивно на процедуралните правила; дека член на СС кој учествувал во постапката против апликантката пред нејзиниот предмет да биде вратен од второстепен совет формиран во Врховниот суд („Советот за одлучување по жалби“), последователно бил заменет со друг член на СС кој не учествувал во претходната фаза од постапката; и дека СС немал надлежност да одлучува во постапка за утврдување на одговорност против пензионирана судијка. Конечно, предметот се однесува на жалбата на апликантката дека домашното право ја спречило да поднесе жалба против конечната одлука на СС, донесена по враќање на предметот на повторно одлучување во СС.

## ФАКТИ

2. Апликантката е родена во 1954 година и живее во Скопје. Неа ја застапуваше г-дин В. Скрчески, адвокат кој работи во Скопје.

3. Владата беше застапувана од нејзиниот застапник, г-ѓа Д. Џонова.

4. Фактите од предметот можат да се сумираат на следниов начин.

### I. ОКОЛНОСТИ НА ПРЕДМЕТОТ

5. Апликантката била судија во Основниот суд во Скопје 1 до мај 2007 година, кога бил разрешена од судиска функција. Постапката за нејзино разрешување е опишана во предметот *Gerovska Popčevska v. the former Yugoslav Republic of Macedonia* (*Геровска Попчевска против поранешната југословенска Република Македонија)* (бр. 48783/07, §§ 7-15, 7 јануари 2016 година). По нејзиното разрешување, апликантката работела како адвокат.

6. Во пресуда од 7 јануари 2016 година, Судот утврдил повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата во постапката за разрешување на апликантката утврдувајќи дека на Судскиот совет му недостасувала потребната непристрасност и независност, со оглед на учеството на тогашниот претседател на Врховниот суд и министерот за правда во одлуката на Судскиот совет за разрешување на апликантката (исто, §§ 47-56 и точка 2 од оперативните одредби во тој случај).

7. На 17 февруари 2016 година, апликантката се пензионирала.

## II. ПОСТАПКА ЗА НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ПРОТИВ АПЛИКАНТКАТА

8. На 4 мај 2016 година, апликантката поднела барање за повторување на постапката пред Судскиот совет, со оглед на пресудата на Судот од 7 јануари 2016 година (види став 6 погоре).

9. На 23 јануари 2018 година, Судскиот совет го назначил својот тогашен претседател З.К. (во понатамошниот текст „подносител на барањето“) да дејствува како подносител на барањето во предметот на апликантката пред Судскиот совет.

10. На 15 февруари 2018 година, Судскиот совет го одобрил барањето на апликантката за повторување на постапката.

11. На 25 април 2018 година, повикувајќи се на член 58 од Законот за судски совет од 2006 година („Законот за СС од 2006 година“, види став 32 подолу), Судскиот совет формирал комисија („Комисијата“), во која биле вклучени членот на Судскиот совет В.Б. и уште четири други членови на Судскиот совет, и била задолжена да прибавува податоци и докази релевантни за постапката против апликантката.

12. На 22 мај 2019 година, Судскиот совет изземал еден од своите членови (К.З., кој не бил член на Комисијата наведена во став 11 погоре) од предметот на апликантката.

13. Истиот ден, Судскиот совет утврдил нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на апликантката, но не ја разрешил од судиска функција бидејќи таа повеќе не била актуелен судија. Судскиот совет утврдил дека таа постапила несовесно и непрофесионално во граѓанска постапка и со тоа сторила нестручно и несовесно вршење на судиската функција согласно член 75(1)(2) во врска со член 74(1)(2) од Законот за судовите (види ставови 29 и 30 подолу).

14. На 27 јуни 2019 година, апликантката поднела жалба против одлуката на Судскиот совет. Таа, меѓу другото, тврдела дека Судскиот совет нема надлежност да одлучува во постапка за утврдување одговорност против лице кое повеќе не е судија.

15. На 8 октомври 2019 година, Советот за одлучување по жалби формиран во рамките на Врховниот суд ја прифатил нејзината жалба, ја поништил одлуката на Судскиот совет и го вратил предметот на повторно разгледување. Утврдил дека од членовите 74(1)(2) и 75(1)(2) од Законот за судовите, на кои се потпрел Судскиот совет (види став 13 погоре), не произлегувало дека СС може да донесе деклараторна пресуда дека некое лице нестручно и несовесно ја вршело судиската функција, туку дека СС може да разреши актуелен судија само ако тој или таа нестручно и несовесно ја вршеле судиската функција. Дополнително, според членовите 55 и 58 од Законот за судскиот совет од 2006 година (види став 32 подолу), СС можел да разреши судија или да ја прекине постапката за утврдување на одговорност. Конечно, СС не

посочил кои верзии од Законот за судовите и Законот за судскиот совет (кој бил изменет неколку пати) ги применил во предметот на апликантката.

16. На 22 октомври 2019 година, СС донел одлука со која ги заменил сите членови на петчлената Комисија формирана во април 2018 година (види став 11 погоре), освен В.Б.

17. На 12 декември 2019 година, Комисијата ги сослушала апликантката и подносителот на барањето. На 25 декември 2019 година, таа поднела извештај до Судскиот совет со предлог Судскиот совет да ја разреши апликантката, што според Комисијата била единствената можност според Законот за судскиот совет.

18. На 26 декември 2019 година, мандатот на В.Б. како член на Судскиот совет истекол. Во писмен поднесок до Судскиот совет од 7 февруари 2020 година, апликантката тврдела дека дознала дека составот на Комисијата се променил, со оглед на истекот на мандатот на В.Б. Таа побарала Комисијата, во нов состав, да одржи расправа и да поднесе нов предлог до Судскиот совет во врска со нејзиниот предмет. Владата наведе дека В.Б. никогаш не бил заменет како член на Комисијата.

19. На 10 февруари 2020 година, Судскиот совет (кој, како што потврди Владата, во тоа време имал 14 члена) одржал седница во присуство на 12 од своите членови, а во отсуство на министерот за правда и претседателот на Врховниот суд, кои биле негови членови по *службена должност*. На делот од седницата на Судскиот совет на кој се дискутирало за предметот на апликантката не присуствувал К.З., кој претходно бил изземен (види став 12 погоре). Судскиот совет дополнително изземал друг член на Судскиот совет (З.Т., кој исто така не бил член на Комисијата). Конечно, подносителот на жалбата (З.К., види став 9 погоре) изјавил дека нема да учествува во гласањето на Судскиот совет во однос на предметот на апликантката.

20. На седницата, претседателот на Комисијата го образложил нејзиниот извештај и предлогот апликантката да биде разрешена (види став 17 погоре). По разгледувањето, Судскиот совет одлучил дека предлогот на Комисијата треба да се измени, со оглед на тоа што апликантката веќе се пензионирала и, следствено, не можела да биде разрешена. Претседателот на Комисијата усно го изменил предлогот, наведувајќи дека Судскиот совет треба да утврди дека апликантката нестручно и несовесно ја вршела судиската функција. Со девет гласа од тогашните членови на Судскиот совет, исклучувајќи го министерот за правда, претседателот на Врховниот суд и К.З., З.К. и З.Т. (види став 19 погоре), Судскиот совет го прифатил тој предлог и утврдил дека апликантката додека ја извршувала судиската функција, нестручно и несовесно ја вршење на судиската функција, согласно член 75(1)(2) и (9) во врска со член 74(1)(2) од Законот за судовите од 2006 година (види ставови 29 и 30 подолу). Судскиот совет утврдил дека Законот за судски

совет од 2006 година, како изменет во 2018 година („Законот за судски совет од 2018 година“), бил применлив во предметот на апликантката согласно член 52(2) од измените од 2018 година (види став 33 подолу). Судскиот совет ја заснова својата одлука на член 31(1)(7) од Законот за судскиот совет од 2018 година (цитиран во став 34 подолу), според кој Судскиот совет бил надлежен да утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

21. На 5 март 2020 година, апликантката поднела жалба против одлуката на Судскиот совет. Таа особено тврдела дека Судскиот совет не може да донесе деклараторна пресуда за нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дека Судскиот совет не ги почитувал упатствата на Советот за одлучување по жалби наведени во неговата одлука од 8 октомври 2019 година (види став 15 погоре). Таа тврдела дека Судскиот совет неконзистентно ги применил различните верзии на процедуралните правила и дека Законот за судскиот совет од 2018 година не може да се примени во нејзиниот предмет, бидејќи е во спротивност со верзијата на Законот за судскиот совет пред неговите измени од 2018 година и со Деловникот за работа на Судскиот совет (види став 36 подолу). Таа понатаму побара да се формира Совет за жалби за да се потврди дали Судскиот совет ја донел својата одлука со потребното мнозинство, со оглед на тоа што одредени членови на Судскиот совет биле изземени (види ги ставовите 12 и 19 погоре) и други немале право на глас. На 10 март 2020 година таа ја дополнила својата жалба, тврдејќи дека член 31(1)(7) од Законот за судскиот совет од 2018 година (цитиран во став 34 подолу) не можел да се примени на поранешен судија.

22. На 20 март 2020 година, Судскиот совет ја информирал апликантката дека ја донел одлуката за нестручно и несовесно вршење на судиската функција (види став 20 погоре) со 9 гласа од 12-те членови на Судскиот совет присутни на седницата. Подносителот на барањето и двајцата изземени членови на Судскиот совет не учествувале во гласањето.

23. Со одлука од 24 март 2020 година, доставена до апликантката на 7 април 2020 година, Судскиот совет ја отфрлил жалбата на апликантката како недопуштена, повикувајќи се на член 96(4) од Законот за судскиот совет од 2018 година (цитиран во став 34 подолу) според кое, по повторената постапка, Судскиот совет донел конечна одлука, ценејќи ги упатствата на Советот за одлучување по жалби.

## III. ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ИНФОРМАЦИИ

24. На 13 ноември 2019 година, Комитетот на министри го заврши својот надзор врз извршувањето на пресудата на Судот во предметот *Геровска Попчевска* (цитирано во став 6 погоре; види ја Конечната резолуција CM/ResDH(2019)300).

25. На 4 март 2020 година, апликантката поднела барање до Уставниот суд за преиспитување на уставноста на член 96(4) од Законот за судскиот совет од 2018 година (цитиран во став 34 подолу). На 22 септември 2021 година, Уставниот суд го отфрлил нејзиното барање, повикувајќи се на својата претходна одлука во која слично барање било отфрлено бидејќи Законот за судскиот совет од 2019 година (види став 35 подолу) во меѓувреме го замени Законот за судскиот совет од 2006 година и сите негови измени.

# РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РАМКА И ПРАКСА

## I. ДОМАШНО ЗАКОНОДАВСТВО И ПРАКСА

### A. Уставот од 1991 година, е изменет со уставните амандмани од 2005 година

26. Член 25 од Уставот од 1991 година го гарантира правото на почитување и заштита на приватноста на личниот и семејниот живот, како и на достоинството и угледот.

27. Другите релевантни одредби од Уставот и соодветните амандмани беа презентирани *во Ilievska and Zdraveva v. North Macedonia* (бр. 19689/21 и 42794/22, §§ 29-36, 13 ноември 2025 година) и *Ribarev v. North Macedonia* (бр. 39987/22, §§ 26-33, 13 ноември 2025 година).

### Б. Закон за судовите, Службен весник бр. 58/2006

28. Според член 73(1)(3) од Законот за судовите од 2006 година, судиската функција на судијата престанува кога тој или таа ги исполнува условите за пензионирање.

29. Според член 74(1)(2), непрофесионалното и несовесно вршење на судиската функција, под услови утврдени со закон, претставувал основа за разрешување на судија.

30. Според член 75(1), несовесното, ненавремено или немарно вршење на судиската функција во поединечни случаи (член 75(1)(2)) и повреда на релевантните прописи, или на друг начин повреда на независноста на судиите (член 75(1)(9)), претставуваат непрофесионално и несовесно вршење на судиската функција во смисла на член 74(1)(2) (види го претходниот став ).

31. Законот за судовите последователно беше изменет во 2008, 2010, 2018 и 2019 година.

### В. Закон за судскиот совет, Службен весник бр. 60/06; „Закон за судскиот совет од 2006 година“) и неговите последователни измени

32. Според член 55 од Законот за судскиот совет од 2006 година, кога до Судскиот совет било поднесено барање за дисциплинска постапка во врска со судија, се формирала дисциплинска комисија од пет члена за да прибави податоци и да достави извештај до СС. Потоа, СС или ја започнува или ја прекинува дисциплинската постапка. Според член 58(1) и (2), постапката за утврдување одговорност се водела според истите правила предвидени во член 55 (односно правилата што се однесуваат на дисциплинската постапка), но од страна на петчлена комисија за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Според член 58(4), СС можел или да ја прекине постапката или да го разреши судијата поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

33. Законот за судскиот совет од 2006 година беше изменет во пет наврати помеѓу 2010 и 2017 година, и уште еднаш во 2018 година со измени кои влегле во сила на 16 мај 2018 година. Согласно член 52(2), измените од 2018 година се применуваа на постапките за разрешување покренати според претходните верзии на Законот за судскиот совет. Според член 52(3), измените од 2018 година се применуваа на претходно покренати дисциплински постапки.

34. Релевантните одредби од Законот за судскиот совет од 2006 година, како што е изменет во 2018 година („Законот за судскиот совет од 2018 година“) гласат како што следува:

**Цел на основањето**
**Член 2**

„[СС] е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите.“

**Политичко дејствување**
**Член 3**

„(1) Се е забранува политичко организирање и дејствување во Советот.

(2) Членовите на Советот во вршењето на функциите на Советот не смеат да остваруваат партиска активност.

(3) Советот со својата работа оневозможува политичко влијание во судството.“

**Состав на Советот**
**Член 6**

„(1) [СС] е составен од 15 члена, од кои:

- претседателот на Врховниот суд ... и министерот за правда се членови по функција ...;

- осум члена ... ги избираат судиите од своите редови...;

- тројца членови... ги избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство...; и

- двајца членови ... предлага претседателот [на државата], а изборот го врши Собранието...

(2) Министерот за правда ... учествува во работата [на СС] без право на глас.“

**Мандат на членовите Советот**
**Член 7**

„(1) Избраните членови на Советот од редот на судиите имаат мандат од шест години со право на реизбор.

(2) На претседател на Врховниот суд и на министер за правда со престанок на функцијата им престанува и мандатот во Советот.

**Избор и мандат на претседателот на Советот**
**Член 8**

„(1) Со работата на [СС]  раководи претседател.

(2) Претседателот ... има заменик, кој го/ја заменува за време на негово отсуство.

(3) Претседателот ... и неговиот или нејзиниот заменик се избираат од редот на членовите со право на глас на [СС], кои се назначени од Собранието ...

(4) Мандатот на претседателот ... и заменикот ... трае две години, без право на повторен избор.

...

**Услови за избор на член на [СС] од редот на судиите**
**Член 11**

„(1) На огласот за избор на член на [СС] од редот на судиите може да се јави секој судија кој во моментот на објавување на огласот врши судиска функција и кој ги исполнува следниве услови:

- [тој или таа] има најмалку пет години судиски стаж;

- [тој или таа] ги добил/а највисоките оценки во последните три години ...; и

- [тој или таа] ужива углед и има интегритет за извршување на функциите на член на [СС] и има социјални вештини [потребни] за извршување на судиски функции, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови.

(2) На огласот за избор на член на [СС] по предлог на Собранието може да се јави секое лице кое во моментот на објавувањето на огласот ги исполнува следниве услови:

- ...

- [тој или таа е] дипломиран правник со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кој во вршењето на правната професија се истакнал со научна или професионална работа или со свое јавно делување; и

- [тој или таа] ужива углед и поседува интегритет... и социјални вештини [потребни] за извршување на функциите на член на [СС], за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови.

(3) За член на [СС] по предлог на претседателот на [државата], Собранието ... може да избере лице кое...:

...

- [е] дипломиран правник со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кое во ......се истакнало со научна или професионална работа или со ....свое јавно делување; и

- ужива углед и поседува интегритет ... и социјални вештини [потребни] за извршување на функциите на член на [СС], за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови.“

**Престанок на мандатот на член на Советот**
**Член 30**

„(1) На членот на Советот [СС] му престанува мандатот:

1) со истекот на времето за кое тој [или таа] е избран/а;

2) по негово [или нејзино] барање;

3) [ако тој или таа] ги исполнил/а условите за пензионирање, согласно закон; и

4) ако тој [или таа] е [осуден и] осуден/а ... на најмалку шест месеци затвор, што го прави [или неа] недостоен да ја врши функцијата на [член на СС];

5) ако нему [или нејзе] му/й се утврди трајна неспособност за вршење на функцијата; или

6) ако тој [или таа] е избран/а на друга јавна функција или професија..

...“

**Времено оддалечување од вршење на функцијата член на Совет**
**Член 30-а**

„(1) Член на [СС] може да се оддалечи од вршењето на функцијата... ако:

- е одобрено обвинение [против него/неа] во случаите наведени во член 30(1)(4) од овој закон.

(2) Одлука за времено одалеувањ еод вршењето на функцијата донесува [СС] со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови со право на глас, при што членот на [СС] против кого е покрената постапка се иззема од седницата и од гласањето.“

**Надлежност**
**Член 31**

„(1) [СС] е надлежен:

[1] да ги избира и разрешува судиите;

[2] да ги избира и разрешува претседателите на судовите;

[3] да утврдува престанок на судиската функција;

[4] да избира и разрешува судии поротници;

[5] да ја следи и оценува работата на судиите;

[6] да одлучува за дисциплинска одговорност на судиите;

[7] да утврдува нестручно и несовесно вршење на судиската функција;

...“

**Основи за разрешување на судија**
**Член 53**

„(1) Судијата се разрешува од судиската функција:

1) поради сторена потешка дисциплинска повреда пропишана со закон што го прави недостоен за вршење на судиската функција и; и

2) поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, утврдено со закон.“

**Постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд**
**Член 54**

„(1) Постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд се поведува во рок од шест месеци од денот на осознавање на сторената повреда, но не подоцна од три години од денот на сторувањето на повредата.

(2) Постапката е итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот...

(3) По барање на судијата или претседателот на судот, [СС] одлучува постапката да се спроведе јавно.

(4) По барање на судијата или претседателот на судот, на седницата може да присуствува и претставник од Здружението на судии.“

**Комисија за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судија или претседател на суд**
**Член 56**

„(1) ... барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд се поднесува до членот на [СС кој дејствува како] известител ... кој оценува дали барањето е навремено и целосно.

(2) Доколку барањето е ненавремено и нецелосно, известителот поднесува предлог до [СС] ... кој ќе го отфрли ненавременото или нецелосното барање со одлука [.] Доколку барањето е навремено и целосно, [СС] формира Комисија за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на судија или претседател на суд (во натамошниот текст: „Комисијата“) составена од претседател и два члена ... и двата од членовите на [СС] избрани од судиите и од Собранието.

(3) Доколку член на [СС] го поднел барањето [за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција], тој или таа не може да биде известител или член на Комисијата од став 2 на овој член.“

**Достава**
**Член 56-а**

„(1) Комисијата го доставува барањето и доказите лично до судијата или претседателот на судот.“

(2) Судијата или претседателот на судот може писмено да одговори на наводите во барањето или да даде усна изјава ... во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

(3) Судијата или претседателот на судот ... има право на бранител (адвокат) ...

(4) Заедно со одговорот на барањето, судијата или претседателот на судот ги доставува сите докази во прилог на одговорот.

...“

**Прибавување податоци и докази**
**Член 56-б**

„(1) Комисијата прибавува податоци и докази ... за утврдување на состојбата во врска со барањето.“

...“

**Расправа по барањето**
**Член 56-в**

„(1) Комисијата закажува расправа во рок од седум дена од приемот на одговорот на барањето од судијата или претседателот на судот.“

...“

**Повик за расправа**
**Член 56-г**

„(1) Судијата или претседателот на судот ... и лицето кое го поднело барањето се повикуваат на расправата.“

(2) Доколку судијата или претседателот на судот кој е уредно повикан не се појави на расправата и не го оправда своето отсуство, расправата ќе се одржи во негово отсуство.“

**Расправа**
**Член 56-д**

„(1) На расправата се изведуваат докази предложени од лицето кое го поднело барањето и од судијата или претседателот на судот, како и докази прибавени од Комисијата.“

(2) Судијата или претседателот на судот има право да коментира за сите докази изнесени на расправата, усно ... или писмено во рок од три дена [по расправата].“

**Извештај на Комисијата**
**Член 56-е**

„(1) Комисијата во рок од 15 дена по завршувањето на расправата поднесува извештај за констатираната состојба и дава предлог до Советот да одлучи за:

- запирање на дисциплинската постапка;

- изрекување дисциплинска мерка или; или

- разрешување на судијата поради сторена потешка дисциплинска повреда...

(2) Извештајот треба да ги содржи сите списи и акти што во текот на постапката Комисијата ги имала на располагање, изјаснувањето на судијата или претседателот на судот, описот на спроведените дејствија, како и образложен предлог за одлука [на СС].

(3) Сите документи ... мора да им бидат достапни на членовите [на СС].“

**Расправа пред Советот**
**Член 60**

„(1) На расправата [пред СоветотЃ претседателот на Комисијата го образложува Извештајот и предлог.

(2) [СС] расправа по извештајот на Комисијата и одлучува по предлогот [на Комисијата].

(3) Претседателот и членовите на Комисијата учествуваат во расправата пред [СС], но се ослободени од гласање за конечната одлука.

(4) Доколку член на Совет е подносител на барањето за [отпочнување постапка за утврдување на одговорност], тој [или таа] не присуствува на расправата пред Советот и се иззема од гласањето за конечната одлука.

(5) Одлуката од став (2) на овој член се донесува ... со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на [СС] со право на глас, ...[а во врска со] ставовите 3 и 4 на овој член.

(6) Доколку судијата или претседателот на судот ... поднесе, во текот на постапката, барање за престанок на судиската функција, [СС] ќе ја запре постапката со одлука и ќе прогласи престанок на судиската функција, на негово [или нејзино] барање.“

**Одлуки на [СС]**
**Член 60-а**

(1) По завршувањето на расправата, [СС] може да одлучи ...:

- да ја запре дисциплинската постапка;

- да изрече дисциплинска мерка; или

- да го разреши судијата или претседателот на судот ...“

**Право на жалба**
**Член 96**

(1) Судијата или претседателот на судот има право на жалба до Врховниот суд, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката [на Судскиот совет].

(2) Советот за одлучување по жалби е составен од девет члена, од кои тројца се судии на Врховниот суд, четири судии од апелационите судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој се води постапката. Членовите се бираат јавно по систем на ждрепка на општа седница на Врховниот суд [и] ... на надлежниот суд, најдоцна во рок од 10 дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Советот за одлучување по жалби најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата, со потврдување или поништување на одлуката на [СС].

(4) Во повторено разгледување, [СС] донесува конечна одлука, ценејќи ги упатствата на Советот за одлучување по жалби.

(5) Претседателот на Врховниот суд и судија што учествуваат во постапката пред Судскиот совет не можат да бидат членови на Советот за одлучување по жалби ...“

**Повторување на постапка по повод конечна пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур**
**Член 97**

„(1) Кога [Судот] ќе утврди повреда ... судијата или претседателот на судот ... може да поднесе барање до [СС] за повторување на постапката, во рок од 30 дена, но не подоцна од три години од правосилноста на пресудата [на Судот] ...

...

(3) Советот е должен во повторената постапка да ги почитува правните ставови изразени во конечната пресуда на [Судот] ...

...

(10) Повторената постапк во делот што се однесува на утврдената повреда се спроведува согласно одредбите од овој закон за постапка за утврдување одговорност на судиската функција на судија или претседател на суд, во кои можат да се предлагаат и образложуваат нови докази.

(11) Незадоволната страна има право на жалба против одлуката донесена во повторената постапка, пред Советот за одлучување по жалби во рок од 15 дена од приемот на одлуката.“

**Член 97-а**

„Во постапката пред [СС], судијата или претседателот на судот ... има право на правично судење согласно гаранциите утврдени во член 6 од [Конвенцијата].“

35. На 30 мај 2019 година влезе во сила нов Закон за судскиот совет, со кој се замени Законот за судскиот совет од 2006 година и неговите измени (види став 33 погоре). Беше заменет со нов Закон за СС од 2025 година, кој влезе во сила на 8 јануари 2026 година. Според член 78(1) од Законот за судскиот совет од 2025 година, судијата или претседателот на судот чии права или слободи од Конвенцијата се утврдени од страна на Судот како повредени, може да побара повторување на постапката или извршување на пресудата на Судот во рок од 90 дена од датумот на доставување на конечната пресуда. Според член 78(3), ако од пресудата на Судот се појави потреба за повторување на постапката, во повторувањето на правосилно завршената постапка, СС е должен да ги почитува правните ставови изразени во пресудата на Судот. Според член 78(9), повторувањето на правосилно завршената постапка, во делот на утврдената повреда, треба да се спроведе согласно Законот за судскиот совет од 2025 година (имено неговиот член 66 кој ја регулира

постапката за утврдување одговорност) во однос на судија или претседател на суд.

### В. Деловник за работа на Судскиот совет, Службен весник бр. 197/15 и 12/17

36. Според член 32 став 10 од Деловникот за работа на Судскиот совет, донесен во 2015 година и изменет во 2017 година, повторената постапка пред Судскиот совет по пресудата на Судот со која е утврдена повреда се води во согласност со законот што важел во времето на првичната постапка пред Судскиот совет.

### Г. Пракса на Уставниот суд

37. Релевантната пракса на Уставниот суд е сумирана во *Ilievska and Zdraveva* (цитирани погоре, §§ 44 и 45) и *Ribarev* (цитирани погоре, §§ 37 и 38).

## II. МЕЃУНАРОДНИ МАТЕРИЈАЛИ

38. Релевантните меѓународни материјали се презентирани во *Ilievska and Zdraveva* (цитирано погоре, §§ 47-65) и *Ribarev* (цитирано погоре, §§ 40-58).

# ПРАВО

## I. ОПСЕГ НА ПРЕДМЕТОТ

39. Судот забележува дека во нејзиниот одговор на опсервациите на Владата, апликантката изнесе нови жалбени наводи, во врска со наводно кршење на презумпцијата на невиност (имено, дека Судскиот совет, кој ја донел конечната одлука, претходно формирал мислење за тоа дали апликантката нестручно и несовесно ја вршела судиската функција). Таа понатаму се жалеше дека предлогот на Комисијата на седницата на Судскиот совет кога ја донел конечната одлука (види став 20 погоре) бил изменет спротивно на релевантниот Закон за Судскиот совет. Конечно, апликантката тврдеше дека имало повреда на начелото на еднаквост на оружјата во постапката пред Судскиот совет и дека Судскиот совет не ја образложил соодветно својата конечна одлука во нејзиниот предмет.

40. Според Судот, овие наводи не се елаборација на првичните жалбени наводи на апликантката до Судот, кои биле доставени до Владата. Затоа, тие спаѓаат надвор од опсегот на овој предмет и нема да бидат земени предвид (спореди, *mutatis mutandis*, *Tereshchenko v. Russia*,

бр. 33761/05, § 75, 5 јуни 2014 година, и *Bogdan Shevchuk v. Ukraine*, бр. 55737/16, § 32, 24 април 2025 година).

## II. НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

41. Апликантката се жали согласно член 6 од Конвенцијата дека членовите на Комисијата кои го подготвиле извештајот за Судскиот совет подоцна гласале за конечната одлука на Судскиот совет во нејзиниот предмет, спротивно на важечките процедурални правила; дека во повторената постапка пред Судскиот совет, В.Б. бил заменета со друг член кој не учествувал во претходната фаза од постапката и кој заменил член на Судскиот совет без право на глас; дека Судскиот совет немал надлежност да одлучува за нестручно и несовесно вршење на судиската во однос на пензионирани судии; и дека Судскиот совет ја одбил нејзината втора жалба. Релевантните делови од член 6 гласат:

> „1. При одлучувањето за неговите граѓански права и обврски или кое било кривично обвинение против него, секој има право на правично ... судење ... пред независен и непристрасен трибунал востановен врз основа на закон..“

### A. Допуштеност

42. Владата не истакна никакви приговори во врска со допуштеноста на жалбените наводи на апликантката.

43. Сепак, Судот смета дека мора да утврди дали има надлежност да ги разгледува наводите на апликантката без да навлегува во овластувањата на тужената држава и Комитетот на министри согласно член 46 од Конвенцијата. Исто така, Судот мора да испита дали гаранциите од член 6 од Конвенцијата биле применливи на постапката по повторното отворање (поворување) на постапката за утврдување на одговорност против апликантката врз основа на пресудата на Судот во предметот *Gerovska Popčevska v. the former Yugoslav Republic of Macedonia* (бр. 48783/07, 7 јануари 2016 година). Овие прашања се однесуваат на надлежноста на Судот, поради што Судот е должен да ги испита по службена должност (види *Grosam v. the Czech Republic* [GC], бр. 19750/13, § 107, 1 јуни 2023 година, и *Mehmet Zeki Doğan v. Türkiye* (no. 2), бр. 3324/19, §§ 54 и 55, 13 февруари 2024 година).

#### 1. *Дали Судот има надлежност ratione materiae според член 46 од Конвенцијата да ја разгледа оваа апликација*

44. Судот повторува дека улогата на Комитетот на министри во сферата на извршување на неговите пресуди не го спречува Судот да разгледа ново барање во врска со мерки преземени од страна на тужена држава при извршување на пресуда, ако таа апликација содржи релевантни нови информации во врска со прашања што не се решени со

првичната пресуда (види *Bochan v. Ukraine* (бр. 2) [GC], бр. 22251/08, § 33, ECHR 2015; *Serrano Contreras v. Spain* (бр. 2), бр. 2236/19, § 24, 26 октомври 2021 година; и *Mehmet Zeki Doğan*, цитирано погоре, § 56). Утврдувањето на постоењето на „ново прашање“ во голема мера зависи од специфичните околности на предметниот случај, а разликите меѓу случаите не се секогаш јасни (види *Moreira Ferreira v. Portugal* (бр. 2) [GC], бр. 19867/12, § 47 (d), 11 јули 2017 година).

45. Жалбените наводи на апликантката во овој случај се однесуваат на надлежноста и составот на Судскиот совет, како и на неможноста на апликантката да ја оспори конечната одлука на Судскиот совет, во постапка за утврдување на одговорност против апликантката по нејзиното успешно барање за повторување на претходната постапка за разрешување против нејзе. Овие жалбени наводи повлекуваат „нови прашања“ кои не се однесуваат на правните прашања кои биле испитани во пресудата на Судот во предметот *Gerovska Popčevska* (цитирано погоре) од 7 јануари 2016 година, имено недостатокот на непристрасност и независност на Судскиот совет кој првично ја разрешил апликантката од судска функција (види став 6 погоре). Затоа, Судот заклучува дека член 46 не го спречува да ги разгледа новите жалбени наводи на апликантката поднесени во рамките на оваа апликација (бр. 30989/20).

*2. Применливост на член 6 од Конвенцијата во спорната постапка*

46. Судот забележува дека страните не тврдеја дека член 6 став 1 е применлив во неговиот кривичен аспект. Судот, исто така, смета дека предметната постапка не се однесувала на утврдување на кривично обвинение и затоа кривичниот дел од тој член не е вклучен (спореди, *a fortiori, In Ilievska and Zdraveva v. North Macedonia*, бр. 19689/21 и 42794/22, § 70, 13 ноември 2025 година, и *v. North Macedonia*, бр. 39987/22, § 65, 13 ноември 2025 година, кој се однесувал на разрешување судии).

47. Владата не ја оспори применливоста на член 6 § 1 од Конвенцијата во неговиот граѓански аспект. Судот повторува дека, за член 6 § 1 во неговиот „граѓански“ аспект да биде применлив, мора да постои „спор“ („contestation“ во францускиот текст) во однос на „право“ за кое може, барем врз основа на аргументирани тврдења, да се смета дека е признаено согласно домашното право, независно од тоа дали е заштитено со Конвенцијата. Спорот мора да биде вистински и сериозен; може да се однесува не само на фактичкото постоење на правото, туку и на неговиот опсег и начинот на неговото остварување; и, конечно, резултатот од постапката мора да биде директно одлучувачки за правото за кое станува збор, при што само слабите врски или далечните последици не се доволни за да се активира член 6 § 1 (види, меѓу многу други извори, *Denisov v. Ukraine* [GC], бр. 76639/11, § 44, 25 септември

2018 година; *Grzęda v. Poland* [GC], бр. 43572/18, § 257, 15 март 2022 година; и *Fabbri and Others v. San Marino* [GC], бр. 6319/21 и 2 други, § 76, 24 септември 2024 година). Конечно, правото мора да биде „граѓанско“ право (види *Grzęda*, § 257, и *Fabbri and Others*, § 76, обете цитирани погоре).

48. Осврнувајќи се на конкретниот случај, Судот забележува дека апликантката која била разрешена од судска функција во мај 2007 година и оттогаш работела како адвокат, се пензионирала во февруари 2016 година, пред да поднесе во мај 2016 година барање за повторување на постапката во врска со нејзиното разрешување кое завршило во 2007 година (види ставови 7 и 8 погоре). Од таа причина, во постапката за утврдување на одговорност против апликантката Судскиот совет не ја разрешил од судиска функција, туку одлучил дека таа нестручно и несовесно ја вршела судиската функција пред пензионирањето, додека ја извршувала својата судска функција (види став 20 погоре). Според тоа, предметната постапка не се однесувала на граѓанското право на апликантката да продолжи да го извршува својот мандат како судија (спореди и направи разлика, меѓу многу други, *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, §§ 73-74; *Ribarev*, цитирано погоре, §§ 68-69; *Mnatsakanyan v. Armenia*, бр. 2463/12, §§ 48-59, 6 декември 2022 година; *Kamenos v. Cyprus*, бр. 147/07, §§ 66-88, 31 октомври 2017 година; и *Sturua v. Georgia*, бр. 45729/05, §§ 24-27, 28 март 2017 година).

49. Во овој контекст, сепак, Судот забележува дека во спорната постапка, Судскиот совет заклучил дека однесувањето на апликантката претставувало нестручно и несовесно вршење на судиската функција во смисла на член 74(1)(2) од Законот за судовите од 2010 година (цитиран во став 29 погоре). Нема сомнение дека констатацијата на Судскиот совет дека таа ја извршувала судиската функција нестручно и несовесно се однесувала на личниот интегритет и стручната компетентност на апликантката како поранешен судија. Затоа, тоа имала директно влијание врз општествениот и професионалниот углед на апликантката (спореди ги *Aktay v. Türkiye* (одлука), бр. 56064/16, 58000/16 и 15087/17, § 44, 9 јануари 2024 година, и *Marušić v. Croatia* (одлука), бр. 79821/12, §§ 76 и 77, 23 мај 2017 година; и спореди, на пример, во контекст на член 8, *Ovcharenko and Kolos v. Ukraine*, бр. 27276/15 и 33692/15, § 86, 12 јануари 2023 година, и *Juszczyszyn v. Poland*, бр. 35599/20, § 233, 6 октомври 2022 година). Судот повторува дека правото на уживање добар углед е „граѓанско право“ во смисла на член 6 став 1 (види, на пример, *Madaus v. Germany*, бр. 44164/14, став 15, 9 јуни 2016 година, со дополнителни упатувања, и *Grădinar v. Moldova*, бр. 7170/02, став 92, 8 април 2008 година). Ова право е заштитено според домашното законодавство (види став 26 погоре; и спореди, на пример, *Pocius v. Lithuania*, бр. 35601/04, § 41, 6 јули 2010 година). Судот смета дека угледот на едно лице стекнат за време на неговата или нејзината

професионална кариера претставува дел од општествениот идентитет на тоа лице и не престанува да постои со пензионирањето. Според тоа, спорната постапка за утврдување на одговорност против апликантката како пензиониран судија директно се однесува на нејзиното граѓанско право да ужива добар углед.

50. Со оглед на наведеното погоре, Судот утврдува дека граѓанскиот аспект од член 6 став 1 од Конвенцијата е применлив на околностите на овој предмет.

*3. Други основи за недопуштеност и заклучок за допуштеноста на апликацијата*

51. Судот понатаму забележува дека жалбените наводи на апликантката не се ниту очигледно неосновани ниту недопуштени врз основа на кои било други основи наведени во член 35 од Конвенцијата. Затоа, тие мора да бидат прогласени за допуштени.

## Б. Основаност

*4. Прелиминарни забелешки*

52. Судот смета дека жалбените наводи на апликантката во врска со наводните прекршувања на релевантните правила во врска со наводната замена на В.Б. со друг член на Судскиот совет и составот на Судскиот совет кој одлучувал по нејзиниот предмет, како и неговата надлежност да го стори тоа, се однесуваат на прашањето дали Судскиот совет бил „трибунал востановен врз основа на закон.“ (види *Guðmundur Andri Ástráðsson v. Iceland* [GC], бр. 26374/18, § 224, 1 декември 2020 година, и *Ukraine v. Russia (re Crimea)* [GC], бр. 20958/14 и 38334/18, § 1010, 25 јуни 2024 година; спореди исто така *Momčilović v. Serbia,* бр. 23103/07, §§ 29-32, 2 април 2013 година; Aviakompaniya ATI, ZAT v. Ukraine, бр. 1006/07, § 44, 5 октомври 2017 година; и *Jorgic v. Germany*, бр. 74613/01, § 64, ECHR 2007-III). Жалбениот навод на апликантката во врска со неможноста за поднесување втора жалба против одлуката на Судскиот совет, донесена откако предметот бил вратен на повторно разгледување од страна на Советот за одлучување по жалби (види ги ставовите 20-23 погоре), се однесува на наводна повреда на нејзиното право на пристап до суд (спореди *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, § 81, и *Ribarev*, цитирано погоре, § 77).

53. При разгледувањето на жалбените наводи на апликантката Судот прво ќе испита дали Судскиот совет, кој утврдил дека апликантката нестручно и несовесно ја вршела судиската функција, бил „трибунал“ во смисла на член 6 став 1 од Конвенцијата.

54. Доколку одговорот на тоа прашање е негативен, таков заклучок би го направил неважно прашањето дали Судскиот совет бил „востановен врз основа на закон“. Во тој случај, Судот ќе анализира

дали апликантката имал ефективно право на пристап до суд пред друго тело (имено, Советот за одлучување по жалби) што ги исполнува условите од член 6 став 1 (спореди *Eminağaoğlu v. Turkey*, бр. 76521/12, став 94 *in fine*, 9 март 2021 година).

55. Меѓутоа, доколку Судот заклучи дека Судскиот совет бил „трибунал" во смисла на член 6 став 1, ќе процени дали бил „востановен врз основа на закон". Понатаму ќе го анализира жалбениот навод на апликантката за нејзината неможност да поднесе жалба против втората одлука на Судскиот совет како жалба во врска со пристапот до повисок суд (спореди, *mutatis mutandis, Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, став 93, и *Ribarev*, цитирано погоре, став 89).

### 5. *Дали Судскиот совет бил „трибунал"*

#### (а) Поднесоците на страните

56. Апликантката навела дека Судскиот совет не бил независен и непристрасен трибунал; дека постапката пред него не била правична; и дека погрешно го применил Законот за судскиот совет од 2018 година, наместо законодавството кое важело во времето кога била сторена повредата констатирана од страна на Судот во предметот *Gerovska Popčevska* (цитирано погоре).

57. Владата тврди дека СС бил независен и автономен судски орган основан со Уставот и Законот за судскиот совет од 2018 година, кој бил утврден како применлив во предметот на апликантката. Судскиот совет имал исклучива надлежност да одлучува дали судија нестручно и несовесно вршел судиската функција, во постапка регулирана со закон, која ги обезбедува гаранциите за правично судење од член 6 од Конвенцијата. Понатаму, Судскиот совет бил независен и непристрасен. Иако министерот за правда и претседателот на Врховниот суд биле негови членови по службена должност, ниту министерот за правда ниту членот на Судскиот совет кој дејствувал како подносител на барањето не можеле да гласаат за одлуката на Судскиот совет во предметот на апликантката. Судскиот совет имал избалансирана структура во која судиите биле побројни од останатите членови надвор од судството. Независноста на членовите на Судскиот совет била осигурена со нивниот начин на назначување и мандатот, како и со некомпатибилноста на нивните функции со членството во политичка партија или со друга јавна функција или професија.

#### (б) Оцена на Судот

##### *(i) Општи начела*

58. Судот повторува дека орган кој не е класифициран како еден од судовите на државата може, за целите на член 6 став 1, да потпадне под

концептот на „трибунал“ во суштинската смисла на овој израз (види, на пример, *Xhoxhaj v. Albania*, бр. 15227/19, § 282, 9 февруари 2021 година; *Ali Rıza and Others v. Turkey*, бр. 30226/10 и 4 други, § 195, 28 јануари 2020 година; и *Mutu and Pechstein v. Switzerland*, бр. 40575/10 и 67474/10, § 139, 2 октомври 2018 година).

59. Трибунал, во смисла на член 6 став 1, се карактеризира, во суштинска смисла на поимот, со својата судска функција, односно да одлучува за прашања во негова надлежност врз основа на правни правила и по постапки спроведени на пропишан начин. Овластувањето за донесување одлуки е нераскинлив дел на самиот поим „трибунал“. Постапката пред него мора да обезбеди „решавање на спорните прашања“ како што се бара со член 6 став 1. Дополнително, само институција која има целосна надлежност и исполнува одреден број барања, како што се „независност, особено од извршната власт; непристрасност; траење на мандатот на нејзините членови; ...“, заслужува да биде означена како „трибунал“ во смисла на член 6 § 1 (види, на пример, *Guðmundur Andri Ástráðsson*, цитирано погоре, § 219, и *Bilgen v. Turkey*, бр. 1571/07, § 73, 9 март 2021 година, со понатамошни упатувања).

*(ii) Примена на тие начела во овој предмет*

60. Во два неодамнешни предмети што се однесуваат на тужената држава (види *Ilievska and Zdraveva*, §§ 85-92, и *Ribarev*, §§ 81-88, двата цитирани погоре), Судот процени дали Судскиот совет основан согласно Законот за судскиот совет од 2019 година бил „трибунал“ во смисла на член 6 § 1 од Конвенцијата. Во овој случај, Судот е задолжен да процени дали СС, регулиран со верзијата на Законот за судскиот совет што се применува во предметот на апликантката бил таков „трибунал“.

61. Во врска со ова, Судот забележува дека, по повторената постапка од страна на Советот за одлучување по жалби (види став 15 погоре), Судскиот совет утврди дека Законот за судски совет од 2018 година е применлив во предметот на апликантката (види став 20 погоре). При донесувањето на тој заклучок, Судскиот совет се повикал на член 52(2) од измените и дополнувањата на Законот за судскиот совет од 2018 година (види став 33 погоре) според кои тие измени требало да се применат на постапките за разрешување и дисциплинските постапки иницирани според претходните верзии на Законот за судскиот совет. Судот повторува дека првенствено е задача на националните власти да ги решат проблемите со толкувањето на домашното законодавство (види, меѓу многу други, *Ramos Nunes de Carvalho e Sá v. Portugal* [GC], бр. 55391/13 и 2 други, § 186, 6 ноември 2018 година), особено правилата од процедурална природа (види *Alkes v. Turkey* (бр. 2), бр. 16047/04, § 19, 8 јуни 2010 година). Во отсуство на какви било убедливи аргументи

од страна на апликантката не гледа причина да го доведе во прашање наодот на СС. Затоа, ќе процени дали СС, со оглед на неговите структурни карактеристики и процедуралните правила предвидени во Законот за судскиот совет од 2018 година, бил „трибунал" во смисла на член 6 § 1 од Конвенцијата.

62. Во врска со ова, Судот забележува дека Судскиот совет бил специјализиран орган со полно работно време основан со закон, имено Уставот и Законот за судскиот совет од 2018 година (види став 34 погоре, и спореди *Cotora v. Romania,* бр. 30745/18, § 37, 17 јануари 2023 година). Според релевантните уставни и законски одредби, Судскиот совет имал целосна надлежност и овластување да одлучува за прашања во врска со назначувањето, кариерата на судиите и дисциплинските постапки (види го Амандманот XXIX на Уставот, цитиран во *Ribarev,* цитирано погоре, § 33; и спореди *Bilgen*, цитирано погоре, § 74 *ab initio,* и *Donev v. Bulgaria*, бр. 72437/11, § 84, 26 октомври 2021 година). Постапката за утврдување одговорност на судиите била детално регулирана со Законот за судскиот совет од 2018 година и вклучувала збир на процедурални гаранции, вклучувајќи го начелото на контрадикторност, правото да се биде сослушан и да се биде застапуван од адвокат и правото да се поднесат докази (види, особено, членовите 56 а-д од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитирани во став 34 погоре). Понатаму, посебна одредба предвидувала дека, во постапката за утврдување одговорност, судија или претседател на суд ги уживаат гаранциите за правично судење утврдени во член 6 од Конвенцијата (исто, член 97-а од Законот за судскиот совет од 2018 година). Нема индиции дека, бидејќи апликантката веќе била пензионирана, постапката во нејзиниот случај била водена според различни процедурални правила од оние кои биле применувани во постапките за утврдување одговорност против актуелен судија или претседател на суд. Затоа, Судот прифаќа дека Судскиот совет, кој постапувал во предметот на апликантката извршувал судска функција во постапката за утврдување одговорност, на кои се применувале гаранциите од член 6 став 1 (спореди, во врска со случаите на разрешување на судии, *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, § 86, и *Ribarev*, цитирано погоре, § 82; и спореди, на пример, *Eminağaoğlu*, цитирано погоре, § 99, и *Bilgen,* цитирано погоре, § 74). Прашањето дали Судскиот совет имал надлежност да одлучува за нестручно и несовесно вршење на судиската функција на поранешни судии е посебно прашање кое не влијае на карактерот на Судскиот совет како трибунал, туку се однесува на прашањето дали во предметот на апликантката Судскиот совет ја пречекорил својата надлежност и следствено не бил „востановен врз основа на закон" (види став 52 погоре).

63. Осврнувајќи се на гаранциите за независност и непристрасност што се бараат од еден „трибунал", Судот забележува дека според

Уставот и Законот за судскиот совет од 2018 година, Судскиот совет требало да биде составен од 15 члена. Мнозинството од членовите на Судскиот совет биле судии (претседателот на Врховниот суд, член по *службена должност*, и осум други судии избрани од нивните колеги; види го Амандманот XXVIII на Уставот, цитиран во *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, § 35, и член 6 од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитиран во став 34 погоре). СС дополнително вклучувал пет несудиски членови избрани од Собранието, од кои двајца биле предложени од Претседателот на државата (ibid). Конечно, Судскиот совет го вклучувал и министерот за правда (види ја во овој поглед анализата во став 66 подолу).

64. Во овој момент, Судот забележува дека, како што потврди и Владата, во времето кога одлучувал за предметот на апликантката Судскиот совет бил составен само од 14 члена (види ставови 19 погоре и 69 подолу). Сепак, самиот овој факт не може да го лиши Судскиот совет од карактеристиките на трибунал. Иако може да се однесува на прашањето дали Судскиот совет е воспоставен врз основа на закон, во отсуство на какви било соодветни аргументи од апликантката, Судот не го смета за релевантен за целите на оваа анализа.

65. Членовите на Судскиот совет биле избрани ѕо мандат од шест години, кој можел да се обнови (види член 7 од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитиран во став 34 погоре). Тие можеле да бидат разрешени или привремено суспендирани само во случаи изречно предвидени со закон (исто, види ги членовите 30 и 30-а од Законот за судскиот совет од 2018 година). И Уставот и Законот за судскиот совет од 2018 година содржеле одредби со кои се гарантира независноста и непристрасноста на Судскиот совет, вклучително и од надворешен притисок (види, особено, Амандман XXVIII на Уставот, цитиран во *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, § 35, и членовите 2 и 3 од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитиран во став 34 погоре).

66. Министерот за правда бил исто така член на Судскиот совет по *службена должност*, но немал право да гласа за прашања за кои одлучувал Судскиот совет (види ги членовите 6(1) и (2) од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитиран во став 34 погоре). Во отсуство на конкретен жалбен навод од страна на апликантката по ова прашање, Судот не е повикан да го оцени прашањето за членството на министерот за правда во Судскиот совет по *службена должност* (види, во овој поглед, анализата во *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, §§ 90 и 91, и *Ribarev*, цитирано погоре, §§ 86 и 87).

67. Со оглед на горенаведените размислувања, Судот заклучува дека Судскиот совет кој утврдил нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на апликантката бил „трибунал“ во смисла на член 6 став 1 од Конвенцијата.

### 6. *Дали СС бил „востановен врз основа на закон“*

#### (а) Поднесоци на страните

68. Апликантката се жалеше дека членовите на Комисијата кои го подготвиле извештајот за Судскиот совет (види став 17 погоре) гласале на седницата на Судскиот совет за време на која било одлучено за нејзиниот предмет. Таа понатаму тврдела дека за време на постапката против неа, В.Б. била заменета со друг член на Судскиот совет кој не учествувал во претходната постапка. Конечно, според апликантката Судскиот совет немал надлежност да одлучува во случаи на нестручно и несовесно вршење на судиската функција против поранешни судии, туку можел само да ја запре постапката или да разреши судија, како што исто така утврдил и Советот за одлучување по жалби. Член 31(1)(7) од Законот за судскиот совет од 2018 година (цитиран во став 34 погоре) бил неприменлив во нејзиниот предмет, со оглед на тоа што не постоел во времето кога било сторено нестручното и несовесно вршење на судиската функција.

69. Владата тврдела дека Судскиот совет ја донел конечната одлука во предметот на апликантката едногласно, со гласање од девет члена (види став 22 погоре), односно апсолутно мнозинство од сите членови на Судскиот совет со право на глас. Судскиот совет во релевантниот период имал четиринаесет члена, а министерот за правда и претседателот на Врховниот суд не присуствувале на седницата на Судскиот совет на која со конечна важност било одлучено по предметот на апликантката. Било ирелевантно што четворицата членови на Комисијата гласале, бидејќи дури и да не гласале, одлуката во предметот на апликантката би била донесена со потребното двотретинско мнозинство од членовите на Судскиот совет со право на глас, согласно член 60 од Законот за судскиот совет од 2018 година (параграф 34 погоре). Имено, министерот за правда немал право на глас, а подносителот на претставката и уште двајца членови на Судскиот совет, кои биле изземени, не можеле да учествуваат во гласањето. Затоа, имало шест члена на Судскиот совет со право на глас (вклучувајќи го и претседателот на Врховниот суд), и од присутните, сите петмина гласале за предлогот што се однесувал на апликантката. В.Б. учествувала во работата на Комисијата која го подготвила извештајот до Судскиот совет. Нејзиниот мандат како член на Судскиот совет истекол откако извештајот на Комисијата бил доставен до Судскиот совет, но пред Судскиот совет да одлучи по него, а составот на Комисијата не бил ревидиран со оглед на тоа што Комисијата го завршила својот мандат. Конечно, Судскиот совет имал надлежност да одлучува во предмети што се однесуваат на поранешни судии.

**(б) Оцена на Судот**

*(i) Општи начела*

70. Општите начела во врска со барањето трибуналот да биде „востановен врз основа на закон“ беа утврдени во *Guðmundur Andri Ástráðsson* (цитирано погоре, §§ 211-16, 233-34 и 242). Судот, особено, повторува дека изразот „востановен врз основа на закон“ опфаќа не само правна основа за самото постоење на „трибунал“, туку и усогласеност од страна на судот или трибуналот со посебните правила што го регулираат и составот на судиите во секој случај (ibid., § 213, со дополнителни упатувања).

71. Судот, исто така, повторува дека, во принцип, повредата од страна на трибунал на домашните законски одредби што се однесуваат на основањето и надлежноста на судските органи доведува до повреда на член 6 став 1. Затоа, Судот може да испита дали домашното право е почитувано во овој поглед. Сепак, имајќи го предвид општото начело дека, пред сè, самите национални судови треба да ги толкуваат одредбите од домашното право, Судот не може да го доведе во прашање нивното толкување освен ако не е настанато флагрантно кршење на домашното право (види *Guðmundur Andri Ástráðsson*, цитиран погоре, став 216, и *X and Others v. Slovenia*, бр. 27746/22, став 127, 19 декември 2024 година).

*(ii) Примена на тие начела во овој предмет*

(α) Состав на Судскиот совет кој ја донел конечната одлука во предметот на апликантката

72. Судот забележува дека Законот за судскиот совет од 2018 година, кој бил утврден како применлив во предметот на апликантката предвидувал основање комисија од три члена од членовите на Судскиот совет за да прибави информации и докази релевантни за постапката, да ја спроведе таа постапка и да поднесе извештај до Судскиот совет (види ги членовите 56(2), 56 а-д и 56-е од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитиран во став 34 погоре). Член 60(3) од истиот закон предвидува дека претседателот и членовите на таа комисија учествуваат во расправата на Судскиот совет, но изречно навел дека биле исклучени од гласање за одлуката на Судскиот совет (ibid.).

73. Во предметот на апликантката на 25 април 2018 година, односно пред влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за судскиот совет од 2018 година на 16 мај 2018 година (види став 33 погоре), Судскиот совет формирал комисија од пет члена од редот на своите членови, вклучувајќи ја и В.Б. (види став 11 погоре). По првата одлука на Судскиот совет и повторената постапка од страна на Советот за одлучување по жалби, на 22 октомври 2019 година, четири члена на првично формираната Комисија биле заменети со други членови на

Судскиот совет (види став 16 погоре). На 25 декември 2019 година, така формираната Комисија од пет члена поднела извештај и предлог до Судскиот совет во врска со предметот на апликантката (види став 17 погоре), и покрај фактот дека Законот за судскиот совет од 2018 година, според кој Комисијата требало да биде составена од три члена (види став 72 погоре), веќе влегол во сила. Последователно, мандатот на В.Б. во Судскиот совет истекол (види став 18 погоре) и, како што призна Владата (види став 69 погоре), ниеден друг член на Судскиот совет не бил назначен за член на Комисијата да ја замени. Во тој момент, Комисијата била составена од четири члена.

74. Откако го разгледал предлогот на Комисијата, Судскиот совет ја донел својата конечна одлука во предметот на апликантката едногласно со гласање на девет од неговите членови (види ги ставовите 20 и 22 погоре). Владата не оспори дека деветте члена ги вклучувале и четворицата члена на Комисијата. Судот забележува дека тие членови учествувале во донесувањето на одлуката на Судскиот совет, и покрај јасната и недвосмислена одредба од домашното право (член 60(3) од Законот за судскиот совет од 2018 година, цитиран во став 34 погоре) спречувајќи ги да го сторат тоа. Според Судот, ова претставува флагрантно кршење на домашното право (спореди *Zeynalov v. Azerbaijan*, бр. 31848/07, § 31, 30 мај 2013 година; види исто така, *mutatis mutandis, Momčilović*, цитиран погоре, § 32, и *Jenița Mocanu v. Romania*, бр. 11770/08, §§ 41 и 42, 17 декември 2013 година).

75. Во врска со ова, Судот смета дека е неважно што двајцата членови на СС (К.З. и З.Т.) кои претходно биле изземени (види ставови 12 и 19 погоре), како и подносителот на жалбата во предметот на апликантката, не гласале (види став 22 погоре). Слично на тоа, неважно е дали потребното мнозинство за донесување на одлуката на Судскиот совет би се постигнало дури и без четирите гласа од членовите на Комисијата (види го аргументот на Владата во овој поглед сумиран во став 69 погоре). Она што е важно за оценката на Судот е дека конечната одлука во предметот на апликантката е донесена спротивно на релевантните процедурални правила предвидени во Законот за судскиот совет од 2018 година. Во врска со ова, Судот повторува дека, со оглед на неговата централна позиција во структурата на судскиот систем во тужената држава, Судскиот совет требало да одигра фундаментална улога како гарант на самостојноста и независноста на судството во земјата. Затоа, неговото строго почитување на правилата што го регулираат неговото работење и донесување одлуки било од огромно значење за почитување на стандардите за владеење на правото и обезбедување доверба на јавноста во работата на Судскиот совет и, општо земено, во функционирањето на судството.

76. Со оглед на горенаведеното, Судот заклучува дека Судскиот совет, кој утврдил нестручно и несовесно вршење на судиската

функција од страна на апликантката бил во спротивност со релевантните домашни правила и, според тоа, не бил „трибунал востановен врз основа на закон“. Според тоа, имало повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата.

(β) Други жалби наводи во врска со „трибунал востановен врз основа на закон.“

77. Апликантката понатаму се жалелеше дека В.Б. била заменета во последната фаза од постапката со член на Судскиот совет кој не учествувал во претходната фаза од постапката. Таа понатаму се жалеше дека Судскиот совет немал надлежност да одлучува во постапки за нестручно и несовесно вршење на судиската функција против поранешни судии (види став 41 погоре). Во врска со овој последен жалбен навод, Судот забележува дека, по првичната одлука на Судскиот совет со која се утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција од нејзина страна, Советот за одлучување по жалби го вратил предметот на СС на повторно разгледување, утврдувајќи, меѓу другото, дека релевантното домашно законодавство му дозволувало на Судскиот совет или да ја запре постапката или да разреши судија. Советот за одлучување по жалби, исто така, му наложил на Судскиот совет да го утврди процесното право кое се применува во предметот (види став 15 погоре). Во повторената постапка, Судскиот совет одлучи дека Законот за судскиот совет од 2018 година е применлив во предметот на апликантката и дека, според член 31(1)(7) од тој закон, има надлежност да утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на поранешни судии (види став 20 погоре). Бидејќи последователната жалба на апликантката била прогласена за недозволена, Советот за одлучување по жалби не ги преиспитал овие наоди на Судскиот совет.

78. Имајќи ги предвид фактите од предметот, поднесоците на странките и неговите наоди во однос на жалбените наводи на апликантката во однос на „трибунал востановен врз основа на закон.“ и пристап до суд (види ги ставовите 76 погоре и 86 подолу), Судот одлучува дека не е потребно да одлучува за основаноста на преостанатите жалбени наводи по овој основ (види *Tsaava and Others v. Georgia* [GC], бр. 13186/20 и 4 други, §§ 225-9, 11 декември 2025 година; види исто така, *mutatis mutandis, Besnik Cani v. Albania*, бр. 37474/20, §§ 117 и 129, 4 октомври 2022 година).

### 7. *Дали правото на пристап на апликантката до Советот за одлучување по жалби било ефективно*

#### (a) Поднесоците на страните

79. Апликантката тврдеше дека не можела да поднесе жалба против одлуката на Судскиот совет донесена откако Советот за одлучување по

жалби го вратил нејзиниот предмет на повторно разгледувањ еи одлучување и дека во повторената постапка, Судскиот совет не дал доволно образложение за непочитувањето на упатствата на Советот за одлучување по жалби.

80. Владата тврдеше дека апликантката имала пристап до суд, особено пред Судскиот совет. Домашното право ги надминало минималните гаранции од член 6 од Конвенцијата со тоа што обезбедило право на жалба пред Советот за одлучување по жалби. Специфичните модалитети за регулирање на правото на жалба биле во рамките на маргината на уважување на државата. Релевантното законодавство се стремело кон легитимна цел за заштита на исклучивата надлежност на Судскиот совет да одлучува за одговорноста на судиите. Одлуката на Судскиот совет во предметот на апликантката да ја отфрли нејзината втора жалба (види став 23 погоре) имала легитимна цел да го почитува владеењето на правото и да осигури правна сигурност. Советот за одлучување по жалби можел да ги процени и фактите и законот и да го врати предметот на Судскиот совет на повторно разгледување. Сепак, одлуката за суштината останала во рацете на Судскиот совет, во согласност со препораките на меѓународните тела.

**(б) Оцена на Судот**

81. Судот се повикува на општите начела сумирани во *Ilievska and Zdraveva* (цитирано погоре, §§ 97-98) и *Ribarev* (цитирано погоре, §§ 93-94). Во тие случаи, Судот испита дали неможноста, според Законот за судскиот совет од 2019 година, да се поднесе жалба против одлуките на Судскиот совет за разрешување на апликантите од нивните судски функции, донесени по повторената постапка, го ограничила нивното право на пристап до суд до степен што е некомпатибилен со член 6 од Конвенцијата. Во двата предмета, Судот утврдил повреди на член 6, имајќи го предвид силниот јавен интерес за зачувување на независноста на судството и владеењето на правото, и сметајќи дека отсуството на механизам за проверка дали Судскиот совет во повторената постапка постапил согласно претходните насоки на Советот за одлучување по жалби практично го лишило од каква било суштина правото на апликантите на пристап до Советот за одлучување по жалби, дури и во постапката пред враќањето на предметот на повторно одлучување (види *Ilievska and Zdraveva*, §§ 99-106, и *Ribarev*, §§ 95-103, двата цитирани погоре).

82. Овој случај се разликува од предметот *Ilievska and Zdraveva* и *Ribarev* во два аспекта.

83. Прво, *Ilievska and Zdraveva* и *Ribarev* се однесуваа на разрешување судии од нивните судски функции, додека овој предмет се однесува на деклараторниот заклучок на Судскиот совет дека

апликантката (поранешна судијка) нестручно и несовесно ја вршела судиската функција. Судот смета дека оваа разлика е неважна за исходот на овој случај, со оглед на тоа што спорната постапка била од големо значење за довербата на јавноста во функционирањето на Судскиот совет (види, во оваа смисла, анализата во став 75 погоре), без оглед на фактот дека таа се однесувала на пензиониран судија.

84. Второ, член 72(5) од Законот за судскиот совет од 2019 година, применлив во случаите на подносителите во *Ilievska and Zdraveva* и *Ribarev*, предвидувал дека во повторената постапка Судскиот совет „строго ќе се придржува“ до упатствата на Советот за одлучување по жалби (види *Ilievska and Zdraveva*, цитирано погоре, § 39, 100 и 102, и *Ribarev*, цитирано погоре, §§ 34, 96 и 98). Во овој случај, согласно член 96(4) од Законот за судскиот совет од 2018 година (цитиран во став 34 погоре), применлив на предметот на апликантката, по повторената постапка од страна на Советот за одлучување по жалби, Судскиот совет донел конечна одлука, „ценејќи“ ги упатствата на Советот за одлучување по жалби кога го вратил предметот на повторена постапка. Судот смета дека оваа разлика во релевантните домашни одредби не може да доведе до различен исход во овој случај. Бидејќи немало можност за последователно преиспитување на одлуката на Судскиот совет донесена по повторената постапка, ниту Советот за одлучување по жалби ниту кое било друго судско тело можеле да се осврнат на прашањето дали Судскиот совет навистина ги ценел упатствата дадени од Советот за одлучување по жалби во својата одлука од 8 октомври 2019 година (види став 15 погоре). Во врска со ова, Судот потсетува на важноста на процедуралните заштитни мерки во постапките што се однесуваат на вршењето на судиската функција (спореди, *mutatis mutandis, Bilgen*, цитирано погоре, § 96), размислување што соодветно се однесува на овој случај.

85. Со оглед на горенаведеното и од причините наведени во *Ilievska and Zdraveva* (цитирано погоре, §§ 102-5) и *Ribarev* (цитирано погоре, §§ 98-102), Судот смета дека неможноста на Советот за одлучување по жалби да утврди дали Судскиот совет ги почитувал неговите претходни упатства во повторената постапка, го лишила од каква било суштина правото на пристап до Советот за одлучување по жалби на апликантката дури и во постапката пред повторената постапка. Нејзиното право на пристап до суд затоа било ограничено до таа мера што самата суштина на тоа право била нарушена.

86. Според тоа, има повреда на член 6 од Конвенцијата.

## III. ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

87. Член 41 од Конвенцијата предвидува:

„Доколку Судот утврди дека има повреда на Конвенцијата или нејзините протоколи, и ако внатрешното право на Високата договорна страна дозволува да се изврши само делумна репарација (надомест), Судот, доколку е потребно, ќе дозволи правичен надоместок на оштетена страна.“

## А. Штета

88. Апликантката побара 6.000 евра (ЕУР) за нематеријална штета.

89. Владата го оспорила барањето како прекумерно и неосновано.

90. Судот смета дека настаните што довеле до повредата утврдена во овој предмет ѝ предизвикале на апликантката нематеријална штета која не може да биде отстранета само со утврдување на повредата. Судот, оценувајќи врз правична основа, ѝ доделува на апликантката износ од 4.700 евра на име нематеријална штета, плус секој данок што евентуално би можел да се наплати.

91. Во оваа насока, Судот повторува дека, во случај на повреда на член 6 од Конвенцијата, најсоодветен облик на обесштетување во предмети како овој би било повторување на постапката, доколку тоа биде побарано (види *Gerovska Popčevska*, цитирано погоре, § 68).

## Б. Трошоци

92. Апликантката, исто така, побарала 1.000 евра за трошоци и издатоци направени во постапката пред Судот. Таа доставила фактура издадена од нејзиниот застапник, како и сметки за поштенски и други трошоци.

93. Владата ги оспорила барањата како прекумерни и неосновани.

94. Според судската пракса на Судот, апликантката има право на надомест на трошоците и издатоците само доколку се покаже дека тие биле всушност и нужно направени и се разумни по обем (види, меѓу многуте извори, *Vlaisavljevikj v. North Macedonia*, бр. 23215/21, § 54, 25 јуни 2024 година). Трошоците на застапникот се всушност направени ако апликантката ги платила или е должна да ги плати (види *Bogdan v. Ukraine*, бр. 3016/16, § 87, 8 февруари 2024 година). Во овој случај, нема индикации дека трошоците наведени во документите доставени од апликантката биле поврзани со постапката пред Судот. Според тоа, Судот не доделува надомест по овој основ.

## ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ, ЕДНОГЛАСНО,

1. *Ја прогласува* апликацијата за допуштена;

2. *Одлучи* дека имало повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата поради составот на Судскиот совет со кој е утврдено нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на апликантката;

3. *Одлучи* дека нема потреба да се испитуваат жалбените наводи согласно член 6 став 1 од Конвенцијата во врска со замената на В.Б. со друг член кој не учествувал во претходната фаза од постапката и во врска со наводниот недостаток на надлежност на Судскиот совет да утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција од страна на апликантката;

4. *Смета* дека имало повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата поради неможноста на апликантката да поднесе жалба против одлука на Судскиот совет донесена по враќањето на нејзиниот предмет на повторно одлучување;

5. *Смета*
   (а) дека тужената држава треба да ѝ исплати на апликантката во рок од три месеци од датумот на кој пресудата ќе стане правосилна во согласност со член 44 став 2 од Конвенцијата, 4.700 евра (четири илјади и седумстотини евра) плус каков било данок што може да се наплати, во однос на нематеријална штета, што треба да се конвертира во валутата на тужената држава по курсната стапка што важи на денот на исплата;
   (б) дека, по истекот на горенаведениот рок од три месеци па сè до исплатата, на наведениот износ ќе се пресметува проста камата по стапка еднаква на маргиналната каматна стапка за кредитирање на Европската централна банка во периодот на доцнење, зголемена за три процентни поени

6. *Го одбива* остатокот од барањето на апликантката за правичен надомест.

Изготвено на англиски јазик и објавено во писмена форма на 5 мај 2026 година, согласно член 77 ставови 2 и 3 од Деловникот на Судот.

| | |
|---|---|
| Андреа Тамиети<br>Секретар на одделот | Арнфин Бардсен<br>Претседател |